Бр./Nr 12-566/3

10-06-2021

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на продолжението на 49-та седница одржано на ден 08.06.2021 година донесе

**Одлука**

Постапката по предметот број 12-4269 од 2019 година, оформен по пријава со бр. 12-4269/1 од 11.09.2019 година доставена до ДКСК од подносителот ----- --------------- од с. ------- , **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно постапување во предметот 12-4269 од 2019 година, за случајот постапил друг надлежен орган.

Предметот со број 12-4269 од 2019 година, да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-4269 од 2019 година е оформен по пријава бр. 12-4269/1 од 11.09.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од познат подносител - ------- ---- ---------- од с. --------, --------. Во пријавата се изнесени наводи против судии во Основен суд ------- и се изразува незадоволство од постапувањето по предмет од страна на оставинскиот оддел при овој основен суд, а во врска со предмет за предавање во владение на имот кој бил евидентиран на КП бр.------и за истиот бил воден предмет ВПП бр.------- од 2008 и 2009 год.

При разгледувањето на предметниот случај ДКСК ги зема во предвид сите наводи на подносителот и заради утврдување на целосната фактичка состојба за овој пријавен случај достави барање до надлежен орган за достава на податоци и информации. По барањето на ДКСК добиено е известување и по разгледување на целокупната документација со која располага за предметот од страна на ДКСК утврдена е следната фактичката состојба:

- Во конкретниот случај, станува збор за имот кој му бил даден на подносителот со право на сопственост и право на денационализиран имот (куќа и дуќан) во согласност и како заштитено право преку Законот за посвојување, за што според подносителот бил уништен доказот и за кој, од страна на првостепената комисија за денационализација на имот подрачно одделение во -------- во м. август 2000 година, било донесено решение во постапка за денационализација која била водена по барање поднесено од страна на подносителот во м. април 2000 година. За случајот, од страна на подносителот -------- --------

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

---- била водена управна постапка, а исто така, во врска со предметниот случај подносителот на пријавата се обратил и со барања до  Апелационен Суд - --------, Републички судски совет и др., а до Основен суд Прилеп била поднесена и кривична пријава во 2017 година. Воедно, подносителот наведува и дека за случајот поднел и жалба до Меѓународниот суд за човекови права во Стразбур.

Со доставената пријава до ДКСК подносителот бара ДКСК да му понуди решение по однос на решавање на неговиот проблем. Во прилог на пријавата доставена е копија од известувањето на Судски совет на РСМ кој постапил по барањето/претставката на подносителот поднесена против постапувањето на судија од Основен суд Прилеп заведена под број УПП -------- од 04.09.2019 година и го известил подносителот со известување број УПП -------- од 11.09.2019 година, а со кое го информирале дека по предметот се постапува и дека тој  дополнително ќе биде известен за преземените дејствија од нивна страна.

- На ден 17.02.2021 година, по барање на ДКСК, доставено е известување од страна на Судски совет на РСМ со кое се известува дека Судскиот совет постапил по претставка која била заведена на ден 04,09,2019 година, за што подносителот бил известен дека истата била земена во работа на ден 11.09.2020 година, а воедно со известување од Судскиот совет на РСМ од 17.09.2019 година на подносителот му било укажано дека било потребно да ја прецизира и дополни претставката на начин што ќе наведе за каков предмет се работи со наведување на број и година, кој судија одлучувал и на што конкретно се однесува незадоволството од постапувањето на судот. Со оглед на тоа што подносителот доставил повторно конфузна и нејасно писмено, односно истиот не постапи по барањето за дополнување, Советот ја разгледал претставката на седница на Советот одржана на ден 30.10.2019 година и по расправата по истата констатирал дека по претставката не може да постапи и истата ја отфрлил како неуредна, за што подносителот бил известен.

Со оглед на сето погоре констатирано, ДКСК утврди  дека во предметниот случај постапил друг орган кој е надлежен да постапува од областа, кој постапил во рамките на своите законски надлежности и донел одлука од своето надлежно постапување за која бил известен и подносителот, по што оцени дека Државната комисија нема надлежност да постапува по однос на предметниот случај, постапката по предметот се запира, а  предметот да се затвори и да се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**м-р Шемши Салаи**

Доставено до :  Архива и Подносителот

По заклучок на ДКСК
Изработил: Ј.Ц.
Одобрил: м-р В.Г., Член на ДКСК